Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 44/15 , 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13), и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица, дека Општина Ѓорче Петров донесе Решение за организирање на повторна:

## Јавна анкета и Јавна презентација

на предлог Детален урбанистички план Градска четврт СЗ 13,
Општина Ѓорче Петров, Скопје,

Планскиот опфат на **ДУП Градска четврт СЗ 13, Општина Ѓорче Петров, Скопје** е дефиниран со границите на четвртта СЗ 13 одредени со ГУП на Град Скопје 2012-2022, со следните граници на плански опфат:

- на **исток** границата се протега по осовината на планираната собирна ул. „Сремски Фронт" по ГУП на Град Скопје 2012 – 2022;
- на **југ** границата се протега по осовината на планираната собирна ул. „Ѓорче Петров' по ГУП на Град Скопје 2012 – 2022;
- на **запад** границата се протега по осовината на планираната градска магистрала ул. „Сарај" по ГУП на Град Скопје 2012 – 2022;
- на **север** границата се протега по осовината на планираната градска магистрала ул. „Црногорска" по ГУП на Град Скопје 2012 – 2022.

**Површината на планскиот опфат во рамките на опишаните граници изнесува 51,71 ha**.

- Повторната Јавна анкета ќе трае **5** работни дена од **24.08.2020 год.** до **31.08.2020 год.**, согласно објавата за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација во јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Соопштението за организирање на повторна јавна анкета е објавено во Јавните гласила „Вечер" и „Нова Македонија", во информацискиот систем е-урбанизам и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.
- Во периодот на повторната јавна анкета и јавна презентација предлогот на Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 13, Општина Ѓорче Петров, Скопје ќе биде изложен во просториите на У.З. Дексион, Општина Ѓорче Петров, секој работен ден од **08:00** до **16:00** часот.
- Јавна презентација со стручно презентирање на планот за претставници на јавните претпријатија и институции, ќе се одржи на **26.08.2020** год. во **14:00 часот** во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров, додека Јавна презентација со стручно презентирање на планот за заинтересираните граѓани, ќе се одржи на **26.08.2020** год. во **15:00** часот во просториите на Домот на култура Ѓорче Петров.
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат забелешки на анкетните листови во електронска форма преку информацискиот систем е-Урбанизам или во писмена форма.

Број 03-1364/2

од 17082020 година

Скопје

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

**Александар Наумоски**